Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 17/0306
22.01 20 18 год
Скопје

22.01.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2018 година, врз основа на примена жалба од „Полио Плус – движење против хендикеп", е на став дека:

Медиумите треба да бидат особено внимателни околу терминологијата што ја користат во своето известување.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 декември 2017 година, „Полио Плус – движење против хендикеп“, поднесе жалба против група електронски и печатени медиуми поради објавувањето на изјавата на пратеникот Антонио Милошоски: „Конгрес без целосен легитимитет е еднакво на претседател со хендикеп“, дадена на 23 декември 2017 година.

Во жалбата се наведува дека изјавата на г. Милошоски претставува говор на омраза кон лицата со хендикеп и целосно кршење на обврските од Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Жалителот посочува дека повеќе медиуми ја пренеле, а требало да се воздржат од објавување на изјавата на пратеникот, зашто како што потенцира, оваа изјава ги стигматизира граѓаните со хендикеп како граѓани од втор ред.

*„И покрај тоа што прашањето на хендикеп не е во дефинираните основи (што во следните измени на Законот за медиуми треба да се редефинира), сепак, согласно Конвенцијата, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат содржини што се насочени кон поттикнување или повикување на омраза и нетпреливост кон заедницата на лицата со хендикеп“*, наведуваат од „Полио Плус – движење против хендикеп“ во жалбата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

На седницата на 16 јануари 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, заклучи дека нема надлежност да реагира и постапува по дадена изјава на политичари или други лица, но констатираше дека медиумите треба да внимаваат на терминологијата и на содржината што ја објавуваат.

Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него, тие ставови добиваат јавност. Затоа новинарот е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик, промовирање стереотипи или дискриминација.

Членовите на Комисијата, во продолжение, дискутираа и дека спорниот збор „хендикеп“ има поширок спектар на значења и дека не секогаш е во насока ширење стереотипи, говор на омраза и поттикнување дискриминација.

Во знак на поддршка на работата на движењето „Полио Плус“, Комисијата за жалби одлучи примената жалба да ја испрати и до Комисијата за заштита од дискриминација.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595